# 166. ЗАТВОРЕН ЃОРЃИ ВО БИТОЛА




Затворен Ѓорѓи во Битола, леле,
во Битола во темни зандани.
Оставил Ѓорѓи до две деца, леле,
до две деца, машки два близнака.

Писмо испрати Јана негова, леле,
Јана негова, млада невеста.
Децата Ѓорѓи ни ги зедоа, леле,
ни ги зедоа, двата близнака.

Ни ги зеде Ѓорѓи наште деца, леле,
љути аскер, Ѓорѓи јаничари,
јаничари Ѓорѓи, љути аскер, леле,
љути аскер, да ги потурчат.

Ќе ги носат Ѓорѓи во Цариград, леле,
во Цариград, Ѓорѓи да им слугуваат,
штом ќе дојдат Ѓорѓи во Битола, леле,
во Битола Ѓорѓги, зулум ќе прават.

Каракаш, Бранко. Антологија на македонски нардони песни. Скопје: Дега, 1995